Република Северна Македонија

**Министерство за здравство**

ДРЖАВЕН САНИТАРЕН И ЗДРАВСТВЕН ИНСПЕКТОРАТ

Одделение за управување со човечки ресурси

Бр. 04-119/8

28-01-2020 год.

Скопје

Врз основа на член 51 и член 52 од Законот за административни службеници ("Службен весник на Република Македонија", бр.27/14, 199/14, 48/15, 154/15, 5/16 и 11/18 18 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 275/19 и 14/20) ), и конечна Ранг листа на кандидати од сите фази на селекција, директорот на Државен санитарен и здравствен инспекторат донесе

**ОДЛУКА**

**по интерен оглас 01/2020 за унапредување на административен службеник до Државниот санитарен и здравствен инспекторат**

1.Кандидатот **Ленче Максимовска,** по пат на интерниот оглас број 01/2020 се избира за работното место **Помошник Главен инспектор за инспекциски надзор, Сектор за инспекциски надзор, со шифра на работно место ИНС0101Б03001-1 (еден) извршител,** во Државен санитарен и здравствен инспекторат.

2.Изборот е извршен врз основа на финална ранг листа и предлог одлука за избор на прворангираниот кандидат по интерен оглас број 01/2020 со архивски број 04-119/7 од 27.01.2020 година.

3.Именуваниот ќе биде унапреден на работното место од точка 1 по конечноста на оваа одлука.

4.Одлуката влегува во сила со денот на донесувањето.

**Образложение**

По објавениот на интерниот оглас број 01/2020 од 17.01.2020 година на веб страницата на институцијата и на Агенцијата за администрација, Комисијата за селекција за унапредување по интерен оглас формирана од страна на директорот на Државен санитарен и здравствен инспекторат со Решение број 04-119/5 од 22.01.2020 година, во функција на спроведување на постапката за унапредување на


Државен санитарен и здравствен инспекторат
Ул. „50 Дивизија" бр. 14, Скопје
Република Северна Македонија
+389 2 3121146
www.dszi.gov.mk

административен службеник за извршување на работите од точка 1 на оваа одлука, спроведе административна Селекција за административните службеници, записник број 04-119/6 од 27.01.2020 година, и спроведување на интервју за административните службеници записник број 04-119/7 од 27.01.2020 година.

Согласно член 51 од Законот за административни службеници и врз основа на конечната Ранг листа на кандидати од сите фази за селекција за унапредување и Предлогот за унапредување на кандидатите по интерниот оглас број 01/2020, директорот на Државниот санитарен и здравствен инспекторат одлучи како во диспозитивот на оваа одлука.

По завршувањето на постапката за избор, раководното лице на институцијата носи решение за унапредување.

**Правна поука**: Против оваа одлука незадоволниот кандидат има право на жалба до Агенцијата за администрација, во рок од 8 дена од денот на објавувањето на одлуката на веб страницата институцијата.

Со почит,

**ДИРЕКТОР,**
**Д-р Иринка Сотирова-Бухова**

Подготвил,
Раметула Сефа

Доставено до:
- Именуваниот
- Одделение за управување со човечки ресурси
- Архива